Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/20), во член 1, ставот 2 по зборот: „општината", се додаваат зборовите: „како и за функционирање на органите на општината и на градот Скопје".

Член 2

По членот 2 се додаваат три нови члена, 2-а, 2-б и 2-в, кои гласат:

„Член 2-а

Вонредна седница на советот свикува претседателот на советот и на барање на градоначалникот.

Член 2-б

Претседателот на советот може да свика и да раководи со седница на советот, и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).
Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, поканата со дневениот ред и материјалите за седницата на советот се доставуваат на службена електронска адреса на членовите на советот, или на алтернативна функционална електронска адреса која членовите на советот се должни да ја достават до Претседателот на советот.
Гласањето на советот со употреба на комуникациски средства се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата.
За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страната на општината и градот Скопје.

Член 2-в

Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на советот, поради постапување согласно здравствените прописи за време на епидемија и поради спроведување на мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за заштита и превенција од Коронавирус Covid-19, седниците на советот ги свикува и раководи најстариот член на советот.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 44-2777/1**
**7 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**